**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

---

**Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавно комунално претпријатие „Дервен" Велес**

Бр. 02-4322/3
31 октомври 2023 година
Велес

Врз основа на член 7 став (2) од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен весник на Републиика Северна Македонија" бр.283 од 27.12.2022 година, Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавно комунално претпријатие „Дервен" Велес формирана со Решение арх.бр.25-2123/22 од 27.04.2023 година, од страна на Советот на Општина Велес во состав:

1.Марија Чатмова-претседател
2.Зорица Миладиновска-заменик член
3.Сашко Ѓорѓиев-член

за текот на постапката за селекција го поднесува следниот

**ЗАПИСНИК**

Комисијата спроведе постапка на селекција (административна селекција-фаза 1 спроведена на 18.10.2023 г. и интервју-фаза 2, спроведено на 30.10.2023 г. за членови во Управен одбор на ЈКП „Дервен" Велес.

**-Административна селекција**

Состанокот на Комисијата одржан на 18 октомври 2023 година, започна во 09,30 часот и со него претседаваше претседателот на Комисијата, Марија Чатмова.

На состнокот на Комисијата присуствуваа заменик членот Зорица Миладиновска и членот Сашко Ѓорѓиев.

Согласно член 17-б и член 17-в од Законот за јавните претпријатија, Комисијата спроведе административна селекција на кандидатите за членови на управен одбор на ЈКП Дервен, уредно пријавени на Јавниот повик за избор на членови на Управен одбор на ЈКП Дервен Велес бр.25-3658/14 од 31.08.2023 година

При административната селекција (фаза1), Комисијата изврши проверка на внесените податоци во поднесените пријави со условите утврдени со Јавниот повик и Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и врз основа на член 5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување, селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија изврши бодување на пријавените кандидати, според стекнато

образование и работното искуство во струката, при што ги бодуваше и сите поединечни докази (сертификати, лиценци, уеренија, дипломи издадени од акредитирани институции) од областа за која треба да бидат членовите на Управниот одбор.

Врз основа на спроведената административна селекција Комисијата констатираше дека од вкупно пријавени 10 (десет) кандидати, условите утврдени во Јавниот повик, ги исполнуваат 7(седум) кандидати, а врз основа на извршеното бодување ја изготви следната нацрт-листа:

1 Горан Бузалковски-работно искуство од областа на техничките науки-42 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-30 бода
-останати докази (сертификати, уверенија, лиценци)-2 бода

2 Александар Каракачанов-работно искуство од областа на техничките науки-30 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-20 бода

3 Тања Маневска -работно искуство од областа на финансиското работење-26 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-15 бода
-останати докази (сертификати, уверенија, лиценци)-1 бод

4 Борис Николов -работно искуство од областа на правните работи-26 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-15 бода
-останати докази (сертификати, уверенија, лиценци)-1 бод

5.Маја Демерџиева -работно искуство од областа на финансиското работење -25 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-15 бода

6.Димче Крстовски -работно искуство од областа на техничките науки-25 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-15 бода

7.Билјана Ангелова -работно искуство од областа на правните работи-21 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-10 бода
-останати докази (сертификати, уверенија, лиценци)-1 бод

Состанокот на Комисијата заврши во 11,30 часот.

Комисијата на ден 30.10.2023 година, донесе Анекс на Записникот за административна селекција на кандидати за членови на Управен одбор на ЈКП ,,Дервен" бр. 02-4322/1 од 18 октомври 2023 година, со кои се изврши дополнување во делот на нацрт-листата каде гласи:

6.Димче Крстевски -работно искуство од областа на техничките науки-25 бода и работно искуство од областа на дејноста на јавното претпијатие-20 бода

Бодови за работно искуство од областа на техничките науки:
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-15 бода

Бодови за работно искуство од областа на дејноста на јавното претпијатие:
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-10 бода"

**-Интервју-фаза 2**

По спроведената административна селекција, Комисијата на ден 30.10.2023 година, спроведе интервју со кандидатите кои ја поминаа административната селекција.

Интервјуто започна во 12 часот во Електронската сала на Општина Велес.

На интервјуто беа поставувани ситуациони прашања со цел да бидат проверени општите работни компетенции за член на управен одбор на јавното претпријатие, како и стручни прашања, практични задачи за да се проверат посебните работни компетенции на кандидатите.

Врз основа на спроведеното интервју, Комисијата го изврши следното бодување:

1 Горан Бузалковски-работно искуство од областа на техничките науки-15 бода.
-ситуациони прашања-10 бода
-стручни прашања-5 бода

2 Александар Каракачанов-работно искуство од областа на техничките науки-30 бода.
-ситуациони прашања-15 бода
-стручни прашања-15 бода

3 Тања Маневска -работно искуство од областа на финансиското работење-30 бода.
-ситуациони прашања-15 бода
-стручни прашања-15 бода

4 Борис Николов -работно искуство од областа на правните работи-20 бода.

-ситуациони прашања-10 бода
-стручни прашања-10 бода

5.Маја Демерџиева -работно искуство од областа на финансиското работење -35 бода.
-ситуациони прашања-20 бода
-стручни прашања-15 бода

6.Димче Крстовски -работно искуство од областа на техничките науки-25 бода.
-ситуациони прашања-20 бода
-стручни прашања-15 бода

-работно искуство од областа на на дејноста на јавното претпијатие-20 бода
-ситуациони прашања-20 бода
-стручни прашања-15 бода

7.Билјана Ангелова -работно искуство од областа на правните работи-30 бода.

-ситуациони прашања-15 бода
-стручни прашања-15 бода

При административната селекција (фаза1), Комисијата изврши проверка на внесените податоци во поднесените пријави со условите утврдени со Јавниот повик и Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и врз основа на член 5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување, селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија, на сите кандидатите кои учествувале во Јавниот повик и констатираше дека кандидати кои не ја поминале административната селекција на документи односно не продолжуваат во наредната фаза од постапката, Фаза 2-интервју се:

1. Александар Јамалов,
2 .Александар Илчевски и
3. Горан Костадинов.

Во прилог на овој записник попис од приложената документација за секој од кандидатите поединечно.

**Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавнокомунално претпријатие „Дервен" Велес**

Марија Чатмова, Претседател----------------
Зорица Миладиновска, заменик член_____
Сашко Ѓорѓиев, Член__________